**стручен труд**

**УДК 338.48:27-57(082)**

# АЏИЛАК И СВЕТИ МЕСТА ВО ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА: МЕСТО, ПОЛИТИКИ И РЕЛИГИОЗЕН ТУРИЗАМ

**Универзитет во Задар, Хрватска**

**септември 27-30, 2012**

Во перодот од 27 до 30 септември, во Задар, Хрватска, се одржа конференцијата: **Pilgrimage and Sacred Places in Central and Eastern Europe: Place, Politics and Religious Tourism,** организирана од страна на Одделот за етнологија и културна антропологија и на Одделот за туризам и комуникациски науки, при **Универзитетот во Задар**.

Во рамките на конференција беа претставени трудовите на повеќе од четириесет учесници од: Австрија, Холандија, Македонија, Хрватска, Словенија, Србија, Словачка, Русија, Естонија, Бугарија, Албанија, Ерменија, Грција, Унгарија, Полска, Јужна Африка и Бразил.

По свеченото отворање во Aula Magna, со пригоден кетеринг, конференцијата продолжи утредента во Мултимедијалната сала, во Новиот универзитетски кампус. Со воведното излагање насловено како: „Аџилак, патување и туризам: Европа во глобалната перспектива“ (*“**Pilgrimage, Travel and Tourism: Europe in a Global Perspective***“), од **John Eade** (UCL/Roehampton, UK), беше означен почетокот на конференциските излагања во рамките на следните четири сесии.

Првата сесија започна со трудот: „Католичкиот аџилак како пат до Бог, за себе и за другите“ ***(“Catholic Pilgrimage as a Way to God, Oneself and the Others“***) од **Gerhard Hofbauer** (Diocese Graz-Seckau), кој се фокусираше на теолошката димензија на аџилакот, која оди рака под рака со личниот духовен развој и неопходните услови во контекст на економијата, социологијата и теологијата.

Вториот реферат насловен како: „Процесијата по крстот како посебна форма на религиозен туризам на островот Хвар“ ***(“Procession Behind the Cross (Za križem) as a Special Form of Religious Tourism of the Island of Hvar),*** го презентираше **Mili Razović** (University of Zadar, Department for tourism and communication science, Zadar). Опишувајќи ја процесијата *По крстот,* како посебен културен феномен, која неколку векови наназад, секој Величетврток се организира на островот

Хвар, авторот ја презентираше како настан во функција на развојот на религиозниот туризам.

Трудот „Аџилак и светилиште на Пресвета Богородица од Зечево во Нин, преку спомени и приказни“ **(*“Pilgrimage and Shrine of our Lady of Zečevo in Nin, Through Memories and Stories*)** од **Marija Dejanović** (Tourist board Nin), го означи крајот на првата сесија.

„Мирила – свето место како туристичка атракција“ ***(“Mirila – Sacred Place as a Tourist Attraction“)*** од **Mario Katić** (University of Zadar), е труд што се занимаваше со т.н. мирила - погребни споменобележја лоцирани на Велебит, од минатото, кои, со решение на хрватското министерство за култура, се заштитена културна вредност. Авторот појасни дека мирило е всушност место каде што бил спуштан покојникот на земјата, за прв и последен пат пред пристигнувањето на гробиштата, а кое, како мерка на покојникот, било одбележувано со камења. Презенацијата ги разгледуваше можностите за нивна употреба во туристички цели.

По него, своето излагање насловено како: „Важноста на хрватскиот брег во мрежата на европските рути на аџилак“ ***(“The Importance of the Croatian Coast in the European Pilgrimage Routes Network“)*** го имаше **Josip Faričić** (University of Zadar). Авторот се осврна на улогата на хрватскиот брег во европските рути за аџилак, од антиката до дваесеттиот век, укажувајќи и на состојбите во овој контекст, денес.

Материјалот изложен од **Vinko Bakija** (University of Zadar), а насловен: „Влијанијата на светите места во градските обиколки во Задар – туристички упатства, гледишта и проценки“ **(“Impacts of Sacred Sites on City Tours in Zadar – Tourist Guides, Opinions and Assessments“),** го означи крајот на втората сесија.

Третата сесија започна со излагањето на **Tomislav Klarin** (University of Zadar), именувано како: „Сакрално наследство и културен туризам: случајот на задарскиот округ (Хрватска)“ **(“Sacred Heritage and Cultural Tourism: The Case of Zadar County (Croatia)“).**

Вториот реферат од третата сесија беше насловен како: „Културни и историски аспекти на поклоничкиот туризам во северна Хрватска и неговата евалуација на веб-страниците“) **(“Cultural and Historical Aspects of Pilgrimage Tourism in Northen Croatia and their Evaluation on Web Sites“),** а презентиран од името на тројцата автори: **Goran Pavelin; Sanja Vuk** и **Paolina Radović** (University of Zadar).

Последното излагање со наслов: „Местото и улогата на религиозниот туризам во хрватската туристичка индустрија“ **(“The Place and the Role of Religious Tourism in Croatian Tourism**

**Industry“),** беше презентирано од **Šime Vučetić** (Univeristy of Rijeka) и го означи крајот на третата сесија.

Попладневниот дел од конференцијата започна со трудот „Религиозниот туризам и српската православна црква“ (**“Religious Tourism and Serbian Orthodox Church“)** презентиран од **Svetlana Mihić** и **Aleksandar Andrejević** (University EDUCONS, Novi Sad).

Второто излагање од четвртата сесија беше од **Hermann Gigler,** кој го изложи пред присутните рефератот: „Европски аџилак ’Si-At & Cooperation’ на европски проекти“ **(“Pilgrimage Europe Si-At & Cooperation Of European Projects“).**

Крајот на сесијата го означи презентацијата на трудот: „Парохјани, аџии, туристи: посетители на православното христијанско светилиште во Софија“ **(“Parishioners, Pilgrims, Tourists: Visitors to an Orthodox Christian Shrine in Sofia“),** изложен од **Vihra Baeva** (Institute of Ethnology and Folklore Studies with National Ethnographic Museum Bulgarian Academy of Sciences).

Доцните попладневни часови беа резервирани за организирано разгледување на Задар со туристички водич.

Следниот ден, конференцијата започна со воведното излагање на **Glenn Bowman** (University of Kent), насловено: *“In Medias Res*: локално интеропштествено поклоничко светилиште во Босна и Херцеговина, Македонија и Косово – минато, сегашност и можна иднина“ **(“*In Medias Res*: Local Intercommunal Shrine Pilgrimage in Bosnia and Herzegovina, Macedonia and Kosovo — Past, Present, and Possible Futures“)** и го означи воведот во сесиите во рамките на тековниот конференциски ден.

„Јасна Гора и Личен: стари и нови ’национални светилишта’ на полските католици“ **(“Jasna Gyra and Licheń: Old and New “National Shrines” of Polish Catholics“)** од **Anna Niedźwiedź** (Institute of Ethnology and Cultural Anthropology Jagiellonian University, Krakyw, Poland)**,** се фокусираше на симболичкиот простор на Јасна Гора во пародот на осумдесеттите, во посткомунистичкиот и во современиот период, покажувајќи како е обликуван и креиран овој простор од полските католици во текот на периодот на трансформацијата.

**Dragica Popovska** (Institute of National History, Skopje) во трудот: „Говедаров камен – свето место на различни религиозни традиции“ **(“Govedarov kamen – A Sacred Place of Different Religious Traditions“)**, во согласност со спроведеното теренско истражување, го прикажа именуваното култно место, како простор во кој луѓето од различни религиозни традиции, ги депонираат своите надежи и молби за среќа и плодност во животот.

Следното излагање беше синтетизиран труд на **Marijana Belaj** (University of Zagreb) и **Zvonko Martić** (The „Carmel of St. Elijah" Monestery and Spiritual Center), насловен „Поклоненичка локација вон политиката: искуството на светото и меѓурелигискиот дијалог во Олово (Босна)" **("Pilgrimage Site Beyond Politics: Experience of Sacred and Interreligious Dialogue in Olovo (Bosnia)").**

По завршувањето на петтата сесија, конференциските излагања продолжија во две сали, каде што истовремено се одвиваше презентација на материјалите од шестата сесија. Трудот: „Вкоренети патеки: повратни движења и аџилак кон Ставриди во јужна Албанија" **("Rooting Routes: Return Movements and Pilgrimage to Stavridi in Southern Albania")** од **Natasa Gregoric Bon** (Institute of Anthropological and Spatial Studies Scientific Research Centre of the Slovenian Academy of Sciences and Arts), го означи почетокот на првиот дел од шестата сесија.

„Аџилак во Gökceada (Imvros), грчко-турско оспорено место: религиозен туризам или начин на враќање во татковината" **"Pilgrimages to Gökceada (Imvros), a Greco-Turkish Contested Place: Religious Tourism or a Way to Reclaim the Homeland?"** беше насловот на следното излагање во оваа сесија, од авторот **Giorgos Tsimouris** (Panteion University).

Сесијата заврши со излагањето на Konstantinos Giakoumis (University of New York Tirana), насловено како: „Едно истражување во: конструкција, деконструкција, трансупстанција и реконструкција на христијанските поклоненија во современа Албанија" ("**An Enquiry into the Construction, Deconstruction, Transubstantiation and Reconstruction of Christian Pilgrimages in Modern-Day Albania**").

Вториот дел од оваа сесија, кој се одвиваше во предавалната 125, започна со трудот на **Milorad Pavić** (University of Zadar), именуван како: „Промена во перцепциите на христијанското поклоненичко патување во Светата земја во раниот модерен период" **("The Change in the Perceptions of the Christian Pilgrim Travelling to the Holy Land in the Early Modern Period")**.

По него, своето излагање: „Аџиите и чумата во источното јадранско крајбрежје од 14-ти до 17-ти век" (**"Pilgrims and Plague in the East Adriatic Coast from the 14th to the 17th Century"),** пред присутните ги изложи **Krešimir Kužić**.

Сесијата заврши со трудот: „Интерпретација на средновековните верски редови и религиозни промени во Врана" ("**The Interpretation of Medieval Religious Orders and Religious Change in the Vrana**") од двајцата автори: **Đani Bunja** и **Edita Pavlić** (University of Zadar).

Во рамките на седмата сесија трудот насловен како „Дева Марија, Атила и Лама - аџилак како ’Vessel Ritual’ во современа Унгарија“ (**“Virgin Mary, Attila and the Lama Pilgrimage as Vessel Ritual in Contemporary Hungary**“) од **István Povedák** го означи почетокот на оваа сесија. Авторот ги истражува двете многу популарни туристички/религиозни дестинации во пост-социјалистичка Унгарија: Atilla-hill и Dubogókö Mountain, и мотивациите за поклонение на претставниците од различни религиозни заедници.

**Tomislav Krpan** и **Željka Lilić** (University of Zadar) го изложија коавторскиот труд: „Лингвистичка анализа на преведувањето текстови поврзани со аџилак“ (“**Linguistic Analysis of Translating the Texts Regarding Pilgrimage**“).

Во меѓувреме во предавалната 125, беше презентиран трудот: „Аџилак и свети места во современото ерменско народно христијанство“ ***(*“Pilgrimage and Sacred Places in Contemporary Armenian Vernacular Christianity“)** од **Konrad Siekierski** (Institute of Archaeology and Ethnography, National Academy of Sciences of Armenia; Institute of Eastern Studies Adam Mickiewicz University).

**Khachatur Stepanyan** (Armenian State Pedagogical University,Yerevan), во продолжение, го презентираше трудот: „Ерменските свети места во Ерусалим“ (**“The Armenian Holy Places of Jerusalem“).**

„Стерилизација и десакрализација на комеморативните места на аџилак“ **(“Sterilisation and Desacralisation of the Places of Commemorative Pilgrimages**“) од авторот **Polina Tserkassova** (Tallinn University), беше последниот реферат од оваа сесија, а го означи и крајот на тековниот конференциски ден.

Доцните попладневни часови беа искористени за туристичка обиколка на Нин и на запознавање со културните вредности што ги нуди овој град.

Последниот ден од конференцијата започна со излагањето на **Josef Langer** (Alpen-Adria-Universitдt Klagenfurt) насловено како: „Повторно откривање на свети места во источна Европа – западна перспектива“ (**“Rediscovering Sacred Places in Eastern Europe – A Western Perspective“),** кое практично беше вовед во темата на следните сесии.

Почетокот на осмата сесија го означи презентирањето на трудот: „Харе Кришна (верниците) во Вриндаван: аџилак или духовна колонизација?“ (“**Hare Krishnas in Vrindavan: Pilgrimage or Spiritual Colonization?**“) од **Matej Karásek** (University of ss. Cyril and Methodius in Trnava, Slovakia)

Вториот реферат од оваа сесија: „Конструкција на светите места во нео-шаманизмот“ **(“The Construction of Sacred Places in Neo-Shamanism“)** беше изложен од **Tatiana Bužeková** (Institute of Ethnology, Slovak Academy of Sciences).

**Maciej Rafiński** (University of Ljubljana), пред присутните го изложи трудот насловен како: „Празник на добри плодови – Аџиите на Црквата на Последниот тестамент“ (**“The Holiday of Good Fruits. Pilgrims of the Church of the Last Testament“)**, и го означи крајот на осмата сесија.

Следната сесија започна со презентацијата: „Сибирската народна традиција во православното чевствување на светите места во контекст на историското сеќавање на луѓето“ (**“Siberian Folk Tradition of the Orthodox Veneration of Sacred Places in the Context of People’s Historical Memory“)** од **G. V. Lyubimova** (Institute of Archaeology and Ethnography of the Siberian Branch of RAS)

„Сликата за Меѓугорје во современата германска литература“ **(“The Image of Medjugorje in Contemporary German Literature“)** беше трудот претставен од **Goran Lovrić** (University of Zadar).

„Местата на аџилак во околината на Братислава и нивната рефлексија на животот на спиритуалистот Jure Treuer“ **(“Pilgrim Sites in the Surroundings of Bratislava and Their Reflection in the Life of a Scripturalist Jure Treuer (case study)“** го означи крајот на деветтата сесија, а беше изложен од **Marta Botiková** (Comenius University, Bratislava)

Последната сесија започна со **Stella Maris Nunes Pieve** (Federal University of Rio Grande do Sul (UFRGS)) и нејзината презентација: „Аџии, еколози и доктори на планетата“: етнографија на еколошки и религиозни практики на ритуалите во Рио Гранде до Сул, Јужен Бразил“ (**“Pilgrims, Environmentalists and Doctors of the Planet": an Ethnography of Ecological and Religious Practice in Rio Grande do Sul rituals, South Brazil“).**

**Jurica Botić**, во продолжение, го презентираше трудот: „Улогата на центрите на аџилак во креирањето на националните идентитети во западен Балкан“ (“**The Role of Pilgrimage Centres in the Creation of National Identities in the Western Balkans“).**

**Shirley du Plooy** (Department of Anthropology, University of the Free State, Bloemfontein, South Africa) и презентацијата на трудот: „Создавањето на *Источна слободна поклоненичка држава*“ (“**he Making of *Eastern Free State Pilgrimage*“)** го означи крајот на десеттата сесија.

Во исто време во другата предавална, **Delakorda Kawashima Tinka** (University of Ljubljana) го презентираше трудот: „Аџилакот и потрошувачката: динамиката меѓу религиозните авторитети и популарните религиозни практики на местата на аџилак во поранешна Југославија и Јапан“ (**“Pilgrimage and Consumption: Dynamics Between Religious Authorities and Popular Religious Practices at Pilgrimage Sites in ex-Yugoslavia and Japan**“).

По неа, следеше презентацијата: „Назад кон иднината: Ел Камино на еден аџија – атеист “ (**“Back to the Future: the El Camino of an Atheist Pilgrim“)** од **J. Bouwer** (Director of Research at the NHTV Breda International University of Applied Science).

**Philip Nel** (Centre for Africa Studies, University of the Free Sate, Bloemfontein, South Africa) беше вториот по ред во оваа сесија, со презентација на трудот: „Аџилак, општествена интеграција и идентитетска конструкција“ (**“Pilgrimage, Social Integration and Identity Construction“).**

„Придонесот на католичката црква во религиозниот туристички развој и неговата имплементација во хрватската туристичка понуда“ **(“The Catholic's Church Contribution in Religious Tourism Development and its Implementation in the Croatian Touristical Offer“)**, изложен од **Tomislav Korov** (Faculty of Tourism and Hospitality Management in Opatija, University of Rijeka, Croatia), беше последниот реферат на конференцијата.

Следеа завршните зборови на тројцата воведничари во темите, и сумарниот преглед на богатата конференциска содржина, а денот заврши со организирана вечера во еден од ресторанite во „Стари град“.

**Драгица Поповска**